# Истражување на јавното мислење во Република Македонија на тема „Трговија со луѓе"

Министерството за труд и социјална политика во рамките на активностите кои ги спроведува канцеларијата на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ), во периодот помеѓу 05.05.2008 и 15.05.2008, спроведе телефонска анкета за истражување на информираноста на македонските граѓани за проблемот на трговија со луѓе во Република Македонија.

## Користена методологија

Истражувањето беше направено врз основа на стандардизиран примерок кој е репрезентативен за популацијата во Македонија. Анкетниот прашалник се состоеше од шест затворени и едно отворено прашање. При истражувањето беа запазени демографските податоци на населението како: пол, возраст, образование, етничка припадност, место (рурална или урбана средина) и регион. Беа опфатени 1022 испитаници од кои според:

- **Пол** - 416 или 40.7% од испитаниците беа мажи и 606 или 59.3% од испитаниците беа жени
- **Старосна група** – 207 (20.3%) од испитаниците беа од најмладата категорија, на возраст од 14 до 29 години; 426 (41.7%) од опфатените испитаници беа на возраст од 30 до 49 години; 240 (23.5%) од испитаниците беа на возраст од 50 до 60 години и највозрасните на возраст над 60 години беа опфатени со 14.6% или 149 испитаници.
- **Образование** – според оваа специфика 197 испитаници или 19.3% се со завршено основно образование; со средно образование се 569 (55.7%) од испитаниците; вишо имааат 68 (6.7%) од испитаниците и со високо образование се 188 (18.4%) од испитаниците.
- **Етничка припадност** – според етничка припадност најголем дел од опфатените испитаници се Македонци или 786 (76.9%); Албанци се

165 (16.5%); Турци 21 (2.1%); Роми (1%); Власи (0.5%); останатите 35 испитаници или 3.4% се од другите националности.

- **Место** - според местотот на живеење (урбани или рурaлн средина) најголем број од испитаниците се од поголемите градови или 362 (35.4%) испитаници. Скопје поради сопствените специфики беше земено како посебно место/целина и беа опфатени 252 испитаници или 24.7%. Од руралните средини анкетирани се 230 испитаници или 22.5% од целокупното истражување и од помалите градови беа анкетирани 178 (17.4%) од испитаниците.
- **Регион** – во истражувањето Македонија беше поделена на шест региони, според последната официјална регионална поделба и то на Скопски 27.6% од испитаниците; Источен 12% од испитаниците; Пелагониски 11.6% од испитаниците; Полошки 10.6% од испитаниците; Североисточен 7.8% од испитаниците; Југоисточен 9.3% од испитаниците; Југозападен 11.7% од испитаниците и Вардарски 9.3% од испитаниците.

Во крајната анализа мора да се напомене дека сите резултати се подложни на стандардна статистичка грешка која изнесува +/- 3.1%.Сите одговори треба да се движат во тој интервал.

## Анализа на резултатите

Во анализата ќе бидат опфатени само општите табели на шесте главни прашања. Варијациите на тоа како граѓаните одговориле според пол, возраст, образование, етничка припадност, место и регион ќе можете да ги видите во пропратниот документ.

**1. Прашање**




На првото прашање - *Дали сте запознаени со состојбата на трговија со луѓе во Република Македонија?* Одговориле дека *целосно се запознаени* 162 испитаника односно 15.9%. Ова се група на граѓани на кои природата на нивната работа налага тие директно или идиректно да бидат вкучени или запознаени со проблематиката на трговија со луѓе. *Делумно се запознаени* најголемиот дел од граѓаните односно (63.6%) - 650 испитаника. Претежно овие граѓани своите информации ги добиваат преку медиумите – вести или кампањи за подигање на свеста во поглед на трговијата со луѓе. Според истражувањето, *воопшто не сум запознаен/а*, одговориле 17.5% од испитаниците. Дека не се запознаени, одговориле 4.7% од испитаниците на возраст од 14 до 29 години, пред се оние со основно и средно образовани (види во пропратнито документ табела 1.2 и 1.3). И оние кои

*немаат оговор* на ова прашање (3%), голем дел може да се каже дека не се запознаени воопшто со овој проблем и можат да спаднат во таа категорија.

**2. Прашање**

| Според вас, која категорија на луѓе се најчести жртви на трговија? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Процент | Валиден Процент | Аналитички Процент |
| Вкупно | Деца | 520 | 50.9 | 50.9 | 50.9 |
| | Жени (од 18 до 35 години) | 395 | 38.6 | 38.6 | 89.5 |
| | Жени (над 35 години) | 12 | 1.2 | 1.2 | 90.7 |
| | Мажи | 6 | 0.6 | 0.6 | 91.3 |
| | Нема одговор | 89 | 8.7 | 8.7 | 100 |
| | Вкупно | 1022 | 100 | 100 | |




На второто прашање - *Според вас, која категорија на луѓе се најчести жртви на трговија?* Најголем дел од испитаниците или 50.9% одговориле дека ДЕЦАТА се најризична категорија и најчести жртви на трговија. По нив следуваат жените од 18 до 35 години со 38.9% и жените над 35 годишна возраст кој најчесто се поврзани со принудна работа исто како и мажите за кој се изјасниле 0.6% од испитаниците.

### 3. Прашање

| Според вас, кој е најчест вид на трговија со луѓе, во Р.М? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Процент | Валиден Процент | Аналитички Процент |
| Вкупно | Сексуална експлоатација | 583 | 57 | 57 | 57 |
| | Принудна работа | 192 | 18.8 | 18.8 | 75.8 |
| | Присилно питачење | 77 | 7.5 | 7.5 | 83.4 |
| | Присилување за вршење на криминални дела | 43 | 4.2 | 4.2 | 87.6 |
| | Нелегално пресадување органи | 10 | 1 | 1 | 88.6 |
| | Нелегално посвојување | 6 | 0.6 | 0.6 | 89.1 |
| | Друго | 7 | 0.7 | 0.7 | 89.8 |
| | Нема одговор | 104 | 10.2 | 10.2 | 100 |
| | Вкупно | 1022 | 100 | 100 | |




На третото прашање - *Според вас, кој е најчест вид на трговија со луѓе во Република Македонија?* 50% од анкетираните сметаат дека *сексуалната* е најчест вид на експлоатација. *Принудна работа* сметаат 18.8% од испитаниците, присилно питачење 7.5% од испитаниците.

### 4. Прашање

| Дали знаете некој што бил жртва на трговија? |
|---|

| | | Вкупно | Процент | Валиден Процент | Аналитички Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Да | 77 | 7.5 | 7.5 | 7.5 |
| | Не | 945 | 92.5 | 92.5 | 100 |
| | Вкупно | 1022 | 100 | 100 | |




На прашањето - *Дали знаете некој кој бил жртва на трговија?* Само 7.5% рекоа дека знаат некој од нивната поблиска околина што бил жртва на трговија со луѓе. Останатите 92.5% рекле дека незнаат никој кој бил жртва на трговија.

**5. Прашање**

| Дали би биле спремни да пријавите случај на трговија, ако сте свесни дека се случува во вашата близина близина (град, село)? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Процент | Валиден Процент | Аналитички Процент |
| Вкупно | Да | 868 | 84.9 | 84.9 | 84.9 |
| | Не | 106 | 10.4 | 10.4 | 95.3 |
| | Нема одговор | 48 | 4.7 | 4.7 | 100 |
| | Вкупно | 1022 | 100 | 100 | |




На прашањето – *Дали би биле спремни да пријавите случај на трговија, доколку сте свесни дека се случува во вашата близина (село, град)?* 84% од испитаниците се изјасниле дека би пријавила а 10.4% се изјасниле дека се плашат да пријават. Голем дел и од оние кои немаат одговор (4.7%) можат да се стават во иста категорија. Овие одговори можат да се поврзат и со недоверба во институциите, што е и наредно прашање.

**6. Прашање**

| Дали сметате дека од страна на надлежните органи се превземаат доволно мерки за разбивање на трговијата со луѓе? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Процент | Валиден Процент | Аналитички Процент |
| Вкупно | Да, премногу | 62 | 6.1 | 6.1 | 6.1 |
| | Да, доволно | 227 | 22.2 | 22.2 | 28.3 |
| | Малку се превземаат | 399 | 39 | 39 | 67.3 |
| | Воопшто не се превземаат | 239 | 23.4 | 23.4 | 90.7 |
| | Нема одговор | 95 | 9.3 | 9.3 | 100 |
| | Вкупно | 1022 | 100 | 100 | |




На предпоследното прашање – *Дали сметате дека од страна на надлежните органи се превземаат доволно мерки за разбивање на трговијата со луѓе? За Доволно,* се изјасниле 22.2% од испитаниците. Тие сметаат дека надлежните институции добро си ја вршат својата работа и имаат доверба во нив. Најголемиот дел од испитаниците (39%) сметаат дека малку се превземаат мерки за сузбивање на трговијата со луѓе. А пак дека воопшто не се превземаат сметаат 23.4% од испитаниците. Оние кои сметаат дека премногу се превземаат мерки и премногу внимание се обрнува на таа проблематика се 6.1% од испитаниците.

**7. Прашање**

| Што мислите дека треба да се превземе доколку некој е жртва (или потенцијална жртва) на трговија со луѓе? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | Процент | Валиден процент | Аналитички Процент |
| Вкупно | Нема одговор | 977 | 95.6 | 95.6 | 95.6 |
| | Да се пријави | 9 | 0.9 | 0.9 | 96.5 |
| | Построги судски казни | 22 | 2.2 | 2.2 | 98.6 |
| | Разни едукации за жртвите | 14 | 1.4 | 1.4 | 100 |
| | Вкупно | 1022 | 100 | 100 | |

Поледното прашање е од отворен тип. Такво прашање е ставено за да можат граѓаните да предлагаат мерки кои сметаат дека не се превземаат или малку се превземаат. За жал само мал дел од граѓаните кажаа свое мислење па резулатите се: да се пријави на надлежните органи 0.9%, за построги судски казни се изјаснија 2.2% од испитаниците и за разни едукации за жртвите се изјаснија 1.4% од испитаниците.

## Некои поинтересни табели и заклучоци

Поради некои поинтерсени заклучоци извршивме кростабулации на некои од прашањата, што сметавме дека залужуваат внимание поради спицифичноста на прашањата. Овие табели се вклучени во овој документ. Преостанатаите и подетални табели (резултати), како што напишавме погоре ќе можете да ги видите во пропратниот документ (еџел).

### 1. Вкрстувачка - табела

Дали би биле спремни да пријавите случај на трговија, ако сте свесни дека се случува во вашата близина (град, село)? - Дали сте запознаени со состојбата на трговија со луѓе во Р.М?

| | | | ***Дали сте запознаени со состојбата на трговија со луѓе во Р.М?*** | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | целосно сум запознаен/а | делумно сум запознаен/а | не сум запознаен/а | нема одговор | |
| ***Дали би биле спремни да пријавите случај на трговија, ако сте свесни дека се случува во вашата близина (град, село)?*** | Да | Број | 153 | 559 | 144 | 12 | 868 |
| | | % од Вкупно | 15.00% | 54.70% | 14.10% | 1.20% | 84.90% |
| | Не | Број | 9 | 72 | 23 | 2 | 106 |
| | | % од Вкупно | 0.90% | 7.00% | 2.30% | 0.20% | 10.40% |
| | Нема одговор | Број | 0 | 19 | 12 | 17 | 48 |
| | | % од Вкупно | 0.00% | 1.90% | 1.20% | 1.70% | 4.70% |
| Вкупно | | Број | 162 | 650 | 179 | 31 | 1022 |
| | | % од Вкупно | 15.90% | 63.60% | 17.50% | 3.00% | 100.00% |

Од табелата може да се заклучи дека граѓаните кои се целосно запознаени со проблематиката на трговијата со луѓе би пријавиле случај на надлежните органи доколку се свесни дека се случува во нивната близина (15%). Ист е случајот и со оние кои делумно се запознаени со оваа проблематика. Од нив 54.70% би пријавиле доколку знаат таков случај. Оние кои воопшто не се запознаени со оваа проблематика, би пријавиле во 14.10% од случаевите.

Процентот на оние граѓани кои не би пријавиле ваков случај, од различни причини, е 10.40%. Ако на овој процент му се додаде и процентот на оние кои немаа одговор на прашањете 4.70%, ќе добиеме процент од 14.47% на граѓани кои не би пријавиле случај на трговија.

Овој процент загрижува и покажува дека е неопходно да се работи со граѓаните на градење доверба во институциите и организациите кои се занимаваат со оваа проблематика. Графичкиот приказ подолу го прикажува истото.




## 2. Вкрстувачка - табела

| Дали сметате дека од страна на надлежните органи се превземаат доволно мерки за разбивање на трговијата со луѓе? * Дали сте запознаени со состојбата на трговија со луѓе во Р.М? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Дали сте запознаени со состојбата на трговија со луѓе во Р.М?*** | | | | Вкупно |
| | | | целосно сум запознаен/а | делумно сум запознаен/а | не сум запознаен/а | нема одговор | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Дали сметате дека од страна на надлежните органи се превземаат доволно мерки за разбивање на трговијата со луѓе?*** | Да, премногу | Број | 19 | 25 | 16 | 2 | 62 |
| | | % од Вкупно | 1.90% | 2.40% | 1.60% | 0.20% | 6.10% |
| | Да, доволно | Број | 14 | 187 | 26 | 0 | 227 |
| | | % од Вкупно | 1.40% | 18.30% | 2.50% | 0.00% | 22.20% |
| | Малку се превземаат | Број | 78 | 262 | 54 | 5 | 399 |
| | | % од Вкупно | 7.60% | 25.60% | 5.30% | 0.50% | 39.00% |
| | Воопшто не се превземаат | Број | 47 | 137 | 52 | 3 | 239 |
| | | % од Вкупно | 4.60% | 13.40% | 5.10% | 0.30% | 23.40% |
| | Нема одговор | Број | 4 | 39 | 31 | 21 | 95 |
| | | % од Вкупно | 0.40% | 3.80% | 3.00% | 2.10% | 9.30% |
| Вкупно | | Број | 162 | 650 | 179 | 31 | 1022 |
| | | % од Вкупно | 15.90% | 63.60% | 17.50% | 3.00% | 100.00% |

И втората вкрстувачка табела води кон интересни заклучоци. Оние кои целосно се запознаени со проблематиката (директно или индиректно вклучени), најголемиот процент сметаат дека малку се превземаат мерки за сузбивање на трговијата (7.60%). 4.60% пак, од граѓаните кои се целосно запознаени, сметаат дека воопшто не се превземаат мерки. Од граѓаните кои се делумно запознаени со оваа проблематика 25.60% од испитаниците мислат дека малку се превземаат мерки а пак 13.40% сметаат дека воопшто не се превземаат мерки за сузбивање на трговијата. Според тоа можеме да заклучиме дека колку повеќе граѓаните се запознаени со оваа проблематика толку повеќе мислат дека малку или воопшто не се превземаат мерки за сузбивање на трговијата со луѓе.
Истото можете да го видите и на графичкиот приказ.


Bar Chart
Count
300
250
200
150
100
50
0
Dali ste zapoznaeni so sostojbata na trgovija so luge vo R.M?
celosno sum zapoznaen/a
delumno sum zapoznaen/a
ne sum zapoznaen/a
nema odgovor
1.86%
1.37%
2.54%
18.3%
25.64%
7.63%
5.28%
0.49%
13.41%
4.6%
5.09%
0.29%
0.39%
3.82%
Da, premnogu
Da, dovolno
Malku se prevzemaat
Voopsto ne se prevzemaat
Nema odgovor
Dali smetate deka od strana na nadleznite organi se prevzemaat dovolno merki za razbivajne na trgovijata so luge?

## 3. Вкрстувачка - табела

| Дали знаете некој што бил жртва на трговија? * Дали би биле спремни да пријавите случај на трговија, ако сте свесни дека се случува во вашата близина (град, село)? | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Дали би биле спремни да пријавите случај на трговија, ако сте свесни дека се случува во вашата близина (град, село)?*** | | | Вкупно |
| | | | Да | Не | Нема одговор | |
| ***Дали знаете некој што бил жртва на трговија?*** | Да | Број | 38 | 37 | 2 | 77 |
| | | % од Вкупно | 3.70% | 3.60% | 0.20% | 7.50% |
| | Не | Број | 830 | 69 | 46 | 945 |
| | | % од Вкупно | 81.20% | 6.80% | 4.50% | 92.50% |
| Вкупно | | Број | 868 | 106 | 48 | 1022 |
| | | % од Вкупно | 84.90% | 10.40% | 4.70% | 100.00% |

77 или 7.5% од сите испитаници рекле дека познаваат луѓе кои биле жртви на трговија. Од нив подготвени се да пријават само 3.70%. Останатите 3.60% не се подготвени или се плашат да пријават таков случај. Тоа значи дека процентот на оние кои би пријавиле ваков случај, според тоа дали непосредно знаат жртви на трговија или не, е скоро ист. За разлика од оние кои знаат, они кои незнаат жртви на трговија во најголем дел одговориле дека се подготвени да пријават таков случај 81.20%. Од нив само 6.80% рекле дека нема да пријават и 4.50% немале одговор.

## 4. Вкрстувачка - табела

| Според вас, која категорија на луѓе се најчести жртви на трговија? * Дали знаете некој што бил жртва на трговија? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Дали знаете некој што бил жртва на трговија?*** | | Вкупно |
| | | | Да | Не | |
| ***Според вас, која категорија на луѓе се најчести жртви на трговија?*** | Деца | Број | 33 | 487 | 520 |
| | | % од Вкупно | 3.20% | 47.70% | 50.90% |
| | Жени (од 18 до 35 години) | Број | 29 | 366 | 395 |
| | | % од Вкупно | 2.80% | 35.80% | 38.60% |
| | Жени (до 35 години) | Број | 1 | 11 | 12 |
| | | % од Вкупно | 0.10% | 1.10% | 1.20% |
| | Мажи | Број | 3 | 3 | 6 |
| | | % од Вкупно | 0.30% | 0.30% | 0.60% |
| | Нема одговор | Број | 11 | 78 | 89 |
| | | % од Вкупно | 1.10% | 7.60% | 8.70% |
| Вкупно | | Број | 77 | 945 | 1022 |
| | | % од Вкупно | 7.50% | 92.50% | 100.00% |

Оној процент на испитаници кои непосредно познаваат жртва на трговија сметаат дека децата се најчести жртви на трговија потоа жените од 18 до 35 годишна возраст. Мажите најчесто се поврзуваат со трудова експлоатација - принудна работа (види графикон подолу). Жените и сексуалната експлоатција се споменати во 22.02% од случаевите и во 7.53% од случаевите се поврзани со принудна работа. 32.29% од испитаници сматаат дека децата се најчесто жртви на сексуална експлоатација и во 9.02% од случаевите се поврзани со принудна работа и со присилно питачење.


Bar Chart
Count
400
300
200
100
0
32.29%
22.02%
9.2%
7.53%
1.96%
2.84%
1.96%
2.94%
4.31%
Deca
Zeni (od 18 do 35)
Zeni (do 35)
Mazi
Nema odgovor
Spored vas, koja kategorija na luge se najcesti zrtvi na trgovija?
Spored vas, koj e najcest vid na trgovija so luge, vo R.M?
Seksualna eksploatacija
Prinudna rabota
Prisilno pitacejne
Prisiluvajne za vrsejne na kriminalni dela
Nelegalno preseduvajne organi
Nelegano posvojuvajne
Drugo
Nema odgovor